**20171142278**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 10 став (6) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 166/14 и 150/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 15.8.2017 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИНТЕР-РЕСОРСКА КОНСУЛТАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се формира Интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите.

Член 2

Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите е составена од 23 члена, претставници на државни институции, единици на локална самоуправа, здруженија, синдикати, здруженија на работодавачи, независни експерти, и тоа двајца членови од Министерство за труд и социјална политика и по еден член од:

- Министерството за финансии;
- Министерството за внатрешни работи;
- Министерството за правда;
- Министерството за здравство;
- Министерството за економија;
- Министерството за образование и наука;
- Министерството за одбрана;
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерството за информатичко општество и администрација;
- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори;
- Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија;
- Организацијата на работодавачи на Македонија;
- Бизнис Конфедерацијата на Македонија;
- Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија;
- Сојузот на синдикати на Македонија;
- Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија;
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
- Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“;
- Македонското женско лоби;
- Платформата за родова еднаквост;
- Експерт за родова еднаквост.

Работата на интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ја координира Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Интер–ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ги има следните задачи:

- да го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции;
- да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
- да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања;
- да учествува во подготовката и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост;
- да ги следи периодичните извештаи од институциите.

Член 4

Стручно-административните работи на интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите ќе ги врши Министерството за труд и социјална политика.

Член 5

Интер - ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за својата работа донесува Деловник во кој се утврдува начинот на работа.

Член 6

Интер – ресорската консултативна и советодавна група ќе ја информира Владата на Република Македонија за својата работа еднаш годишно.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/12 и 167/16).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 44-4277/1
15 август 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.